ЈОВАН ЧОЧКОВСКИ
адвокат
Број на лиценца: 3484
ЕМБС: 6956351 ЕДБ: 5002014504568

075 389 332 • 078 987 107
Јане Сандански 17 - ДТЦ Шехерезада, Кат 1 - Битола
adv.cockovski@gmail.com
210 - 5016793581.39 НЛБ Тутунска Банка АД Скопје
290 - 0000016600 - 12 ТТК Банка АД Скопје
е-достава: jovancockovski
дигитален сертификат: 42-5C-EB-FA-B9-B1-97-48-1D-AA-AF-A3-61-F6-39-89 KIBS ad Skopje

ДО: ОСНОВЕН СУД – БИТОЛА

27 NOV 2023
2 5
1600,00

ТУЖИТЕЛ: Тамара Мирчевска од Битола, ул. Генерал В. Карангелески бр.64-2/4-50 со ЕМБГ: 2001974415007, преку полн. Адвокат Јован Чочковски од Битола, ул. Јане Сандански бр.17, ДТЦ Шехерзада кат 1, со емаил: adv.cockovski@gmail.com.

ТУЖЕН: Димитар Шошев од Скопје, ул. Иван Козаров бр.24/2-19, Општина Кисела Вода, со ЕМБГ: 2312986450121.

ОСНОВ: Долг – враќање на заем

ВРЕДНОСТ: 52.000,00 денари

# Т У Ж Б А

На ден 03.06.2020 година тужителката му дала на заем на тужениот парични средства во износ од 52.000,00 денари. Во врска со дадената позајмица тужителката и тужениот склучиле договор за заем на парични средства на ден 03.06.2020 година и истиот тој договор го завериле на Нотар Маринчо Велјановски од Битола со УЗП број 3644/2020.

**ДОКАЗ:** - Договор за заем на парични средства од 03.06.2020 година со УЗП број 3644/2020 од 03.06.2020 година на Нотар Маринчо Велјановски од Битола.

Видно од содржината на Договорот, односно конкретно согласно чл.2 заемопримателот – тужениот Димитар Шошев се обврзал паричниот износ од 52.000,00 денари да го врати заклучно до 03.12.2020 година. Меѓутоа, тужениот до денот на поднесувањето на тужбата, паричниот износ (заемот) предмет на Договорот, го нема вратено на тужителката.

Иста така, согласно чл.4 во Договорот за заем на парични средства наведено е дека во случај на спор, странките како месно надлежен го определуваат да биде Основен суд Битола.

Согласно чл.550 од ЗОО предвидено е дека (1) Заемопримачот е должен да го врати во договорениот рок истото количество предмети, од ист вид и квалитет.

Предвид на изнесеното, како и согласно на споменатите одредби од ЗОО, тужителот ја поднесува предметната тужба со која предлага да биде донесена следната:

## П Р Е С У Д А

**СЕ УСВОЈУВА** тужбеното барање.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужениот Димитар Шошев од Скопје, да и плати на тужителката Тамара Мирчевска од Битола на име долг – враќање на заем вкупен износ од 52.000,00 денари, со законска затезна камата во висина на референтната стапка на Народна Банка на Р.С.Македонија што важела за секое полугодие на последниот ден од полугодието што му претходела на претходното полугодие зголемена за 8 процентни поени сметано од 04.12.2020 година па се до конечната исплата.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужениот да и ги надомести трошоците од постапката на тужителката по прецизиран трошковник, се во рок од 8 (осум) дена по приемот на пресудата, доколку тужениот не ги исплати навремено процесните трошоци направени во постапката, истиот да исплати законска казнена камата сметана од задоцнувањето.

Битола,
27.11.2023 год.

За тужителот, полн.

АДВОКАТ
Јован Чочковски
ДТЦ / Шехерезада-кат 1. БИТОЛА
бр. на лиц. 3484 тел. 075 389 332

Прилог,
1. Полномошно за тужителот,
2. Копие од лична карта за тужителот,
3. Уплатница за судкса такса за тужба,
4. Решение од УЈП за ДДВ обврзник,
5. Трошковник,

## Т Р О Ш К О В Н И К

Од тужителот: Тамара Мирчевска од Битола, заст. од полн. Адвокат Јован Чочковски од Битола, ул. Јане Сандански бр.17, ДТЦ Шехерзада кат 1, со емаил: adv.cockovski@gmail.com

1. Материјални трошоци:
   - Судска такса за тужба во износ од ....................................................1.600,00 ден.
   - Судска такса за пресуда во износ од..................................................1.600,00 ден.
2. Авокатски трошоци:
   - Состав на тужба износ од..................................................................5.200,00 ден.

+18% ДДВ (936,00 ден.) = 6.136,00 ден.

Вкупно материјални и адвокатски трошоци = 9.336,00 денари.

Битола,
27.11.2023 год.

За тужителот, полн.

АДВОКАТ
Јован Чочковски
ДТЦ / Шехерезада-кат 1. БИТОЛА
бр. на лиц. 3484 тел. 075 389 332

ЈОВАН ЧОЧКОВСКИ
адвокат
Број на лиценца: 3484

# П О Л Н О М О Ш Н О

Јас долупотпишаната Тамара Мирчевска од Битола, ул. Генерал В. Карангелевски бр., со ЕМБГ: 2001974415007, го ополномоштувам ЈОВАН ЧОЧКОВСКИ, Адвокат од Битола, ул.„Јане Сандански“ бр.17, ДТЦ Шехерзада кат 1, да поднеси тужба против лицето Димитар Шошев од Скопје за враќање на Заем до Основен суд Битола, како и да ме застапува во предметот кој ќе биде заведен во Основен суд Битола, се до неговото правосилно завршување , со овластување да може да ги превзема сите парнични дејствија како адвокат согласно одредбите од Законот за парничната постапка.

По евентуално укажана потреба по проценка на мојот полномошник, истиот има овластување да издава заменички полномошна или ова полномошно да го пренесе на друг адвокат.

Б и т о л а,
31.08.2023 год

В л а с т о д а в е ц,

075 389 332 ; 078 987 107 • Јане Сандански 17 - ДТЦ Шехерезада, Кат 1 - Битола • adv.cockovski@gmail.com
210 - 5016793581.39 - НЛБ Тутунска Банка АД Скопје • 290 - 0000016600 - 12 - ТТК Банка АД Скопје

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ЛИЧНА КАРТА**

**REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA**
**IDENTITY CARD**

**MKD**



ПРЕЗИМЕ/SURNAME
МИРЧЕВСКА
MIRCHEVSKA

ИМЕ/GIVEN NAME
ТАМАРА
TAMARA

ДРЖАВЈАНСТВО/NATIONALITY
МАКЕДОНСКО / ГРАЃАНИН НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN / CITIZEN OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

ПОЛ/SEX
Ж / F

МБ/NIN
2001974415007

ДАТУМ НА ИЗДАВАЊЕ/
DATE OF ISSUE 22.06.2022

ВАЖИ ДО/
DATE OF EXPIRY 21.06.2032

СВОЕРАЧЕН ПОТПИС/
HOLDER'S SIGNATURE

ДАТУМ НА РАЃАЊЕ/
DATE OF BIRTH 20.01.1974

M0308031

МЕСТО НА РАЃАЊЕ/PLACE OF BIRTH
БИТОЛА / BITOLA

ЖИВЕАЛИШТЕ/PERMANENT RESIDENCE
БИТОЛА / BITOLA

АДРЕСА/ADDRESS
УЛ. ГЕНЕРАЛ В.КАРАНГЕЛЕСКИ БР. 64-2/4-50
UL. GENERAL V.KARANGELESKI BR. 64 2/4-50

ИЗДАДЕНА ОД/AUTHORITY
МВР - БИТОЛА / MOI - BITOLA

БРОЈ НА ЛИЧНА КАРТА/ID CARD NUMBER
M0308031


IDMKDM0308031<52001974415007<<
7401204F3206216MKD<<<<<<<<<<<4
MIRCHEVSKA<<TAMARA<<<<<<<<<<<<<

# ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ НА ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

Склучен на ден 03.06.2020 година помеѓу:

**1.Тамара Мирчевска** од Битола ул.Генерал В.Карангелески бр.64-2/4-50,со ЕМБГ 2001974415007 и лична карта со број А1421043 издадена од МВР Битола од една страна како **заемодавател** и

**2.Димитар Шошев** од Скопје,ул."Иван Козаров" бр.24/2-19,општина Кисела Вода, со ЕМБГ 2312986450121 и лична карта со број А2187535 издадена од МВР Скопје од друга страна како **заемоприматал**

чл.1

Заемодавателот денес на денот на склучувањето на овој договор на заемопримателот му дава на заем парични средства во износ од 52.000,00 денари .

Заемодавателот на заемопримателот му го дава паричниот износ на заем наведен во став 1 од овој член на заемопримателот кој го прима овој паричен износ лично на рака.

Паричните средства заемопримателот ги прима на заем од заемодавателот заради негови лични потреби .

чл.2

Договорните страни се договорија да паричниот износ од чл.1 кој заемодавателот го дава на заем на заемопримателот,биде вратен од страна на заемопримателот во рок од 6 (шест) месеци,односно заклучно со 03.12.2020 година и тоа без никакви споредни побарувања- камата.

чл.3

Договорните страни се обврзуваат во целост да ги исполнат одредбите од овој договор а во знак на тоа своерачно се потпишуваат на договорот.Доколку заемот не биде вратен до утврдениот рок,заемодавателот е должен покрај главниот долг да бара и исплата на законска казнена камата.

Чл.4

Во случај на спор надлежен ќе биде Основен суд Битола.

чл.5

Овој договор е составен во 3 еднообразни примероци за по неговата заверка секоја договорна страна ќе добие по еден примерок и еден примерок за Нотарот.

| | |
|---|---|
| ***Заемодавател*** | ***Заемоприматал*** |
| Тамара Мирчевска | Димитар Шошев |

Јас, НОТАР Маринчо Вељановски
за подрачјето на основен суд Битола

Потврдувам дека
Тамара Мирчевска ул.Генерал В.Карангелевски, Битола , Димитар Шошев ул.Иван Козаров бр.24/2-19,општина Кисела Вода, Скопје
во мое присуство своерачно го потпиша писменото,

Идентитетот на учесникот го утврдив самиот врз основа на лична карта бр. А1421043Издадена од МВР Битола, врз основа на лична карта бр. А2187535 Издадена од МВР Скопје

Потписот - ракознакот на писменото е втиснат.

Согласно чл. 86 став (4) од Законот за нотаријатот, учесниците се известени дека нотарот не е одговорен за содржината на писменото ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за таа правна работа.

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 2 од Законот за судски такси во износ од 200.00 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Нотарската награда е пресметана во износ од 400.00 денари.

Број УЗП 3644/2020
Во Битола 03-06-2020

Нотар
Маринчо Вељановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд во
НОТАР
МАРИНЧО
ВЕЉАНОВСКИ
БИТОЛА